Република Северна Македонија
Општина Крушево

Република Северна Македонија
Општина Крушево

Никола Ѓурковиќ 16 а
7520 Крушево
Тел. 048 477 061
Факс. 048 477 046
opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
www.krusevo.gov.mk

Врз основа на донесената Методологија за определување на критериуми за доделување на финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Општина Крушево бр.08-423/11 од 05.04.2018 г. („Службен гласник на Општина Крушево„ бр.12/2018) член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија,број40/06,136/08,148/08,155/08,163/08,44/11,51/11,142/12,31/13,14/14,30/14,196/15,35/16,97/16,99/16,136/16,142/16,67/17,125/17,35/18,99/18,140/18,208/18, 27/19 и „ Сл.весник на Република Северна Македонија број 98/19, 146/19, 42/20, 74/21 и 215/21) а согласно Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија број 09-1168/1 од 14.02.2024 година и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, број 09-1169/1 од 14.02.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ број 37/2024„), а во врска со Член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија број 12/2019„) Градоначалникот на Општина Крушево на ден 05.03.2024 година донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVES
Бр. 03-199/12
05.03.2024 Год.

Архивски знак 0306
Рок на чување 10 год.
201_ год. Потпис
КРУШЕВО

## Р Е Ш Е Н И Е

**за ставање во мирување на постапката за донесување на Одлука за распределбата на средства од Буџетот на Општина Крушево за 2024 година, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија и фондации**

1. Во мирување се става постапката за донесување на Одлука за распределбата на средства од Буџетот на Општина Крушево за 2024, наменети за финансирање на програмски активности на Здруженија и фондации по Јавниот повик број 03-199/1 од 01.02. 2024 година
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзино донесување.

Образложение:

Општина Крушево на ден 01.02.2024 година објави Јавен повик со бр.03-199/1 за распределба на финансиски средства од Буџетот на Општина Крушево за 2024 година за Здруженија и фондации од Општина Крушево. Повикот беше објавен на веб страната www.krusevo.gov.mk

Согласно Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија број 09-1168/1 од 14.02.2024 година и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, број 09-1169/1 од 14.02.2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија„ број 37/2024„)а врз основа на член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик(„Слижбен весник наРепубликаМакедонијабр.40/06,136/08,148/08,155/08,163/08,44/11,51/11,142/12,31/13,14/14,30/14,196/15,35/16,97/16,99/16,136/1616,142/16,67/17,125/17,35/18,99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „ Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 146/19, 42/20, 74/21 и 215/21), и во врска со Член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија број 12/2019„) од денот на донесување на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот за Претседател и пратеници во Собранието на Република Северна

Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија „не може да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се оттуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори“.

Врз основа на горенаведеното Градоначалникот се одлучи како во диспозитивот.

Општина Крушево
Градоначалник
м-р Томе Христоски